Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 јули 2022 година

Скопје, јули 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 19 јули 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:30 часот.

Со седницата претседаваше првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби.

На седницата учествуваа, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 2**

**1.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за дополнување на Законот за работните односи (*), по скратена постапка, доставен до Собранието на Република Северна Македонија со писмо бр.41-5340/1 од 14 јуни 2022 година.

**2.** Владата заклучи заклучокот бр.2, од точка 2, прашања и предлози, од Нацрт-записникот од Шеесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јули 2022 година, донесен во врска со политичкиот состанок на Меѓувладината конференција за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија, кој ќе се одржи на 19 јули 2022 година во Брисел, да се измени и истиот да гласи:

„2. Трошоците за авионски превоз и за хотелско сместување за претставниците на медиумите ќе бидат покриени од Службата за општи и заеднички работи на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација и Секретаријатот за европски прашања, така што секоја институција ќе плати подеднаков дел од вкупните трошоци.“.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:38 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Др. Артан Груби**